Milieukontakt Macedonia

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 03-800/1
15.11 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Здружение за одржлив развој МИЛИЕУКОНТАКТ Македонија
Бр. 03-50/1
09.11.2021
Скопје

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на 09.11.2021

Помеѓу Договорните страни:

1. Здружение за одржлив развој „Милиеуконтакт Македонија", Архус ЦентарСкопје, со седиште на ул. Кукушка, бр.4а, Центар, Скопје претставувано од Извршната Директорка Маја Марковска

и

2. Агенција за заштита на правото на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (АСПИ), со седиште на бул. "Гоце Делчев" бр.18 – Скопје (зграда на МРТВ – 14 кат), претставувано од Директор, Пламенка Бојчева

(подолу именувани како: „Страните потписнички")

## Член 1

## Предмет на Меморандумот

Предмет на овој Меморандум за соработка (понатаму именуван како: Меморандум) е воспоставување на долгорочна соработка меѓу страните потписнички за промовирање на спроведувањето на начелата и одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина (Архуска Конвенција).

Потпишувањето на овој Меморандум, ја изразува волјата и подготвеноста на страните потписнички за учество и соработка во реализација на заеднички активности на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер, подигнување на јавната свест за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и градење на капацитети за доследна имплементација на законската регулатива.

## Член 2

## Цели на меморандумот

Соработката помеѓу страните потписнички, која е утврдена во член 1, особено се однесува на:

- Промовирање на начелата и одредбите на Законот за слободен пристап до информации помеѓу имателите и барателите на информации
- Промовирање на начелата и одредбите на Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за

прашања поврзани со животната средина помеѓу имателите и барателите на информации

- Зголемување на транспарентноста на работата на имателите на информации во областа на животна средина;
- Организирање на едукативни настани (обуки, работилници, семинари) за имплементирање на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Архуската Конвенција

Член 3

Заеднички Активности

Главни активности кои би можеле да се спроведатво рамки на овој Меморандум се:

- Подготовка на листа на документи кои согласно националното законодавство за животна средина треба да бидат објавени на веб страните на имателите на информации
- Мониторинг на веб страните на сите иматели на информации (единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС), Центрите за развој на плански региони, органи на државната управа (Министерства), Влада на РСМ, Јавни претпријатија, Агенции и др., за објавување на документите и информациите кои имателите на информации се обврзани да ги објават на своите веб-страници според членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и објавување на документи, информации и постапки од областа на животната средина.
- Изработка на извештај од спроведениот мониторинг за објавување на документите и информациите кои имателите на информации се обврзани да ги објават на своите веб-страници според членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и објавување на документи, информации и постапки од областа на животната средина.
- Организирање на обуки за баратели и иматели на информации за одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Архуската Конвенција (барање, јавни информации, постапка по барање…)
- Промовирање на одредбите и начелата од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Архуската Конвенција (за пристап до информации, учество на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина)
- Организирање на обуки за одделенија/сектори во ЕЛС (пр. урбанизам, животна средина…)
- Развој и заеднички настап на проекти кои имаат за цел спроведување на одредбите и начелата од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Архуската Конвенција

Член 4

Облици и начин на соработка

Врз основа на овој Меморандум формите на соработка, координацијата и спроведувањето на конкретните активности се остварува врз основа на взаемно утврдена и усогласен План/Програма, со соодветни обврски за секоја од страните потписнички.

Соработката ќе се координира преку лица за контакт кои се назначуваат од секоја страна посебно,односно преку лице определено од Агенцијата и лице определено од Архус Центарот.

Член 5

Финансиски одредби

Активностите кои произлегуваат од потпишувањето на овој меморандум и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички.

Член 6

Потпишаниот Меморандум ќе биде објавен и достапен на веб страните на страните потписнички.

Член 7

Соработката може да се проширува и продлабочува на предлог на секоја од страните потписници на овој Меморандум доколку за тоа постои заемен интерес.

Член 8

Важност на Меморандумот

Овој Меморандум ќе стапи во сила веднаш по неговото потпишување од двете страни потписнички и ќе биде во важност во времетрање од три години, со можност за негово продолжување.

Секоја од страните потписнички може да го раскине овој Меморандум со писмено известување до другата страна, најмалку 30дена пред настапување на прекинот на важењето на Меморандумот.

Овој Меморандум е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, по 2 (два) за секоја страна потписничка.

Член 9

Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет со анекс на барање на страните потписнички. Евентуалните измени и дополнувања ќе бидат направени во согласност со сите страни потписнички.

Milieukontakt Macedonia

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Страни потписнички на Меморандумот за соработка:

ЗОР „Милиеуконтакт Македонија", Архус Центар, Скопје

Извршен Директор:
Маја Марковска

Датум: 09/11/2021

М.П.

Агенција за заштита на правото на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Директор:
Пламенка Бојчева

Датум:

М.П.

Maja Markovska
Digitally signed by Maja Markovska
Date: 2021.11.09 10:48:33 +01'00'

Plamenka Bojcheva
Digitally signed by Plamenka Bojcheva
Date: 2021.11.15 09:55:04 +01'00'